Македонска Кошаркарска Федерација

FIBA EUROPE We Are Basketball

# РЕГИСТРАЦИСКИ ПРАВИЛНИК

Февруари 2010

Врз основа на член 38 од Статутот, Собранието на Македонската Кошаркарска Федерација, на ден 12.02.2010 година усвои измени и дополнувања, врз основа на кои се донесува следниот пречистен текст на:

# РЕГИСТРАЦИСКИ ПРАВИЛНИК
## НА МАКЕДОНСКАТА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ЧЛЕН 1

Со овој правилник се регулира:

1.01. Општи одредби;
1.02. Услови и начин на зачленување, запишување и евиденција на клубовите во Македонската КоШаркарска Федерација (во понатамошниот текст - МКФ);
1.03. Услови и начин на регистрација на играчите;
1.04. Услови и начин на потпишување договори на релација играч-клуб;
1.05. Премин на играчи од клуб во клуб во земјата, преодни рокови;
1.06. Фузија на клубови;
1.07. Играње на играчи во странски клубови;
1.08. Услови и начин на враќање на играчи од странство;
1.09. Играње на странски државјани во Република Македонија;
1.10. Право на настап на играчи на натпревари што ги организира МКФ;
1.11. Преодни и завршни одредби.

Одредбите од овој Правилник се применуваат и важат за клубовите и играчите - членови на клубовите во сите кошаркарски лиги во Република Македонија.

## 2. ЗАПИШУВАЊЕ, ЗАЧЛЕНУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА КЛУБОВИ

### ЧЛЕН 2

Клуб кој сака да стане член на МКФ, мора да ги исполни следните услови:

2.1. На соодветен образец да поднесе молба за прием во членство, во која се обврзува дека ќе ги почитува: Статутот, правилниците и другите нормативни акти на органите и организациите на МКФ;
2.2. Да достави соодветен образец за упис во регистерот на клубови, кој ги содржи основните податоци и генералии на клубот;
2.3. Да приложи уверение - решение од надлежен државен орган со кое на клубот му се одобрува работа и делување;
2.4. Да достави Дисциплински правилник на клубот.
2.5. Да поседува соодветна Лиценца согласно Правилникот за Лиценцен систем и категоризација

### ЧЛЕН 3

Надлежниот орган на МКФ - Регистрациската комисија на МКФ, е должна во рок од осум (8) дена од денот на доставување на комплетната документација, да го зачлени клубот во МКФ и да издаде решение за зачленување и запишување, кое го доставува до клубот и Управниот одбор на МКФ.

ЧЛЕН 4

По зачленување во МКФ, клубот е должен да се вклучи во првото следно првенствено натпреварување, а надлежниот орган на МКФ е должен тоа да му го овозможи.

ЧЛЕН 5

Членството на клубот во МКФ му престнува со:

5.1. Престанок на постоење на клубот ( бришење од регистерот );
5.2. Самоволно истапување;
5.3. Забрана на дејност изречена од надлежен државен орган или орган на МКФ;
5.4. Со одлука на Собранието на МКФ, доколку клубот и покрај предупредувањата делува спротивно на Законот и Статутот на МКФ.

ЧЛЕН 6

За престанокот на членството во МКФ, надлежниот орган за регистрација мора најдоцна во рок од триесет (30) дена да го извести клубот и Управниот одбор на МКФ.

ЧЛЕН 7

Генералниот секретар на МКФ по службена должност има обврска да води матична книга - регистер на членките на МКФ.

ЧЛЕН 8

Сите обрасци наведени во овој Правилник: Молба за зачленување и запишување на клубови, Барање за регистрација на играчи, Пристапница, Исписница, Договор, Барање за раскин на договорот, Барање за исписница, Согласност за спогодбено раскинување на договорот и Натпреварувачки (регистрациски) картон, ги пропишува Управниот одбор на МКФ.

## 3. РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ

ЧЛЕН 9

Правата и обврските при регистрација, премин и настап на играчите, се регулираат врз основ на следните начела:

9.1. Играчот самоволно го избира клубот во кој ќе игра;
9.2. При пристапување на играчот, обврска на клубот е да го запознае со Статутот и другите акти на МКФ и со актите и правилниците на клубот;
9.3. Односот играч-клуб се регулира исклучиво со Договор евидентиран во МКФ.
9.4. Играњето на играчи во странство и играњето на странски државјани во домашно првенство може да се ограничи со цел да се заштити интересот на македонската кошарка.
9.5. Сите други прашања се регулираат со овој Правилник и соодветни општи акти на МКФ, чии одредби не смеат да бидат во спротивност со овој Правилник.

ЧЛЕН 10

Играчот што го избрал клубот во кој сака да членува, пополнува пристапница со изјава, во која се наведува дека по своја слободно изразена волја го избрал клубот, сака да биде регистриран за клубот, ги прифаќа нормативните акти на клубот, МКФ, ресорното Министерството, МОК и ФИБА, се обврзува да ги почитува, да се придржува и да ги спроведува принципите на општиот спортски кодекс.

## ЧЛЕН 11

Регистрација на кошаркарите и кошаркарките врши Регистрациската комисија на МКФ.

**Постапка за регистрација на играчи**

11.1. Секој клуб е должен, во пропишан рок, преку канцеларијата на МКФ, до Регистрациската комисија на МКФ да достави пријавна листа на играчи кои ќе настапуваат за клубот.

11.2. При поднесување на пријавата за регистрација, задолжително мора да се достават сите пропишани документи, освен уверение за извршен лекарски преглед, кое може да биде доставено дополнително, пред издавање натпреварувачки картон - лиценца.

11.4. По добивањето на документацијата, доколку таа е комплетна и не е спорна, Регистрациската комисија на МКФ е должна во рок од седум (7) дена да донесе одлука за регистрација на играчите.

11.5. Сите одлуки за регистрирани или нерегистрирани играчи се објавуваат во Билтенот на Регистрациската комисија на МКФ кој се доставува до клубовите преку канцеларијата на МКФ.

Против овие одлуки секој кој има правен интерес може да изјави жалба во рок од три (3) дена, преку Регистрациската комисија на МКФ до Арбитражата на МКФ, сметано од денот кога клубот го примил Билтенот.

11.6. Примерок од жалбата, преку канцеларијата на МКФ, се доставува до спротивната страна, која има право на одговор на жалба во рок од три (3) дена сметано од денот на приемот на жалбата, преку Регистрацската комисија на МКФ, до Арбитражата на МКФ.

11.7. По истекот на рокот за жалба, Арбитражата е должна да донесе одлука во рок од седум (7) дена.

Одлуката на Арбитражата е конечна.

## ЧЛЕН 12

Клубот кој сака да регистира играчи, поднесува писмено барање до Регистрациската комисија на МКФ, кон кое приложува:

**12.1. Прва Регистрација**

12.1.1. Прва регистрација се однесува на играчи кои за прв пат се запишуваат во Регистарот на играчи на МКФ.
12.1.2. Прва регистрација за играчи до 18 (осумнаесет) години се врши во текот на целата година.

**12.2. Регистрација на играчи до осумнаесет ( 18 ) години возраст**

12.2.1 Пристапница потпишана од родител - старател на играчот, која може да биде заверена на Нотар. Ако пристапницата не е заверена на Нотар, регистрацијата се врши на ризик на клубот, кој нема да има комплетно право врз играчот. Ако друг клуб поднесе барање за регистрација на тој играч, истиот може да биде регистриран без исписница и не е предмет на обештетување, ако новиот клуб достави пристапница заверена на Нотар.
12.2.2. Важечки пасош, кој по фотокопирање во МКФ се враќа на подносителот.
12.2.3. Две фотографии 3 X 2,5 см, не постари од шест (6) месеци.
12.2.4. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот од овластена установа за спортска медицина во Република Македонија, не постаро од три (3) месеци.

**12.3. Регистрација на играчи од 18 - 22 години возраст - Прв професионален договор**

12.3.1. Потпишан договор, заверен од Нотар.
12.3.2. Оригинал извод од матична книга на родени, не постар од шест (6) месеци.
12.3.3. Две фотографии 3x2,5 сантиметри, не постари од шест (6) месеци.
12.3.4. Уверение за лекарски преглед од овластена установа за спортска медицина во Република Македонија не постаро од три (3) месеци.

### 12.4. Заверка на регистрација

12.4.1. Важечки договор за играч постар од осумнаесет (18) години.
12.4.2. Регистрациски (натпреварувачки) картон за играч помлад од осумнаесет (18) години
12.4.3. Две фотографии 3x2,5 сантиметри, не постари од шест (6) месеци.
12.4.4. Уверение за лекарски преглед од овластена установа за спортска медицина во Република Македонија, не постаро од три (3) месеци.

### 12.5. Регистрација на играчи кои преминуваат од клуб во клуб

12.5.1. Две фотографии 3x2,5 сантиметри, не постари од 6 месеци.
12.5.2. Договор чиј рок е истечен, или согласност за спогодбено раскинат договор, или исписница за играчи до 18 години, или правосилна одлука на надлежен орган на МКФ за раскинат договор.
12.5.3. Потпишан договор со новиот клуб во четири примерока, **задолжително заверен од Нотар**, пристапница за новиот клуб за играчи до 18 години.
12.5.4. Уверение за лекарски преглед, не постаро од три (3) месеци.
12.5.5. Согласност-Сертификат од федерацијата на државата во која играчот последен пат настапувал, односно бил лиценциран, доколку играл во странство.

### 12.6. Број на регистрирани играчи во млади категории - мажи и жени

12.6.1. **18 (осумнаесет) играчи** во секоја екипа од пропишаните млади категории.
12.6.2. Во лигите на млади категории клубовите немаат право да регистрираат странски државјани, освен млади играчи - странски државјани, чии родители живеат во Република Македонија и имаат регулиран престој за странци по основ дипломатски или други претставништва на странски институции или фирми.

### 12.7. Лекарски преглед

Лекарскиот преглед мора да биде извршен само во овластена установа за спортска медицина во Република Македонија.

## ЧЛЕН 13

Регистрациската комисија води евиденција на регистрирани играчи со следните податоци:
13.1. Реден број на регистрацијата;
13.2. Дата на регистрацијата;
13.3. Име и презиме на играчот;
13.4. Дата и место на раѓање на играчот;
13.5. Единствен матичен број на играчот, од извод на родените;
13.6. Единствен матичен кошаркарски број;
13.7. Место и адреса на живеење на играчот;
13.8. Име на клубот за кого се регистрира играчот.

## ЧЛЕН 14

14.1. За секој регистриран играч, Регистрациската комисија издава регистрациски (натпреварувачки) картон, во соодветна боја во согласност со степенот на натпреварување.
14.2. Регистрациски (натпреварувачки) картон се издава најдоцна до 24 часа пред почеток на првиот првенствен или КУП-натпревар во натпреварувачката сезона.

## ЧЛЕН 15

15.1. Играч кој еднаш потпишал пристапница или договор за еден клуб, не може да биде регистриран за друг клуб, во истиот преоден рок.
15.2. Играч кој ќе потпише пристапница или договор за два или повеќе клуба во ист преоден рок, подлежи на дисциплинска одговорност и останува член на дотогашниот клуб - клубот за кого прво потпишал пристапница - договор.

## 4. Д О Г О В О Р

ЧЛЕН 16

16.1. Меѓусебните права и обврски на играчот и клубот се утврдуваат и се регулираат со Договор.
16.2. Договорот кој го потпишуваат играчот и овластен преставник на клубот, **мора да биде заверен кај Нотар.**
16.3. Секој Договор за играчи постари од 18 години (сениори), се евидентира во МКФ, под серискиот број на Договорот.
16.4. Договорите кои не се евидентирани во МКФ или кои не се склучени на образецот "Договор" пропишан од Управниот одбор на МКФ, се неважечки и не произведуваат правна важност во/за МКФ.

ЧЛЕН 17

**17.1. ПРВ ДОГОВОР ( 18 - 22 години )**

17.1.1. Првиот Договор се склучува на возраст од 18 години и има важност до 22 години возраст.
17.1.2. Играчот е должен првиот договор да го склучи со клубот чиј член е во годината во која играчот наполнува 18 години возраст.
17.1.3. Играч кој треба да потпише прв Договор на возраст поголема од 18 години, тој договор ќе биде со важност до полни 22 години возраст на играчот.

**17.2. ДОГОВОР**

17.2.1. Договорот се склучува **најмалку на период од една (1) натпреварувачка сезона**.
17.2.2. Договорот се прави во 4 еднакви оригинални примероци, од кои два (2) добива клубот, еден играчот, а еден останува во архивата на МКФ, сите задолжително заверени од Нотар.

**17.3. Во рокот на договорот не се смета временскиот период:**

17.3.1. под казна подолга од три (3) месеци забрана на играње изречена од страна на органи на МКФ;
17.3.2. под казна подолга од три (3) месеци, изречена од страна на клубот, а потврдена од органи на МКФ;
17.3.3. во кој играчот играл без согласност на својот клуб, во друг клуб кој не е член на МКФ;
17.3.4. поминат на школување во странство, со одбрение на клубот;
17.3.5. на правосилна судска одлука, казна затвор подолга од шест (6) месеци.

ЧЛЕН 18

Во зависност од степенот на натпреварување, секој клуб може да има под договор:

**18.1. ПРВА ЛИГА - МАЖИ**

18.1.1. **Шеснаесет (16) домашни** плус **неограничен број странски играчи**.
18.1.2. Неограничен број играчи до 18 години возраст, регистрирани-лиценцирани за настап во млади категории, може да настапуваат и за сениорската екипа со лиценцата за млади категории.
18.1.3. Играчи кои се помлади од 18 години, а кои се наоѓаат меѓу пријавените 16 играчи (18.1.1), имаат право да настапуваат за истиот клуб ако настапува во лига на млади категории, согласно пропишаната возраст.

**18.2. ПРВА ЛИГА - ЖЕНИ**

18.2.1. **Шеснаесет (16) домашни** плус **неограничен број странски играчи.**
18.2.2. Неограничен број играчи до 18 години возраст, регистрирани-лиценцирани за настап во млади категории, може да настапуваат и за сениорската екипа со лиценцата за млади категории.
18.2.3. Играчи помлади од 18 години, кои се наоѓаат меѓу пријавените 16 играчи (18.2.1), имаат право да настапуваат за истиот клуб ако настапува во лига на млади категории, согласно пропишаната возраст.

**18.3. ВТОРА ЛИГА - МАЖИ И ЖЕНИ**

18.3.1. **Осумнаесет (18) домашни играчи**, плус **неограничен број странски играчи во Втора лига мажи**. **Странски играчи немаат право на настап во Втора лига жени.**
18.3.2. Неограничен број играчи до 18 години возраст, регистрирани-лиценцирани за настап во млади категории, може да настапуваат и за сениорската екипа со лиценцата за млади категории.
18.3.3. Играчи кои се помлади од 18 години, а кои се наоѓаат меѓу пријаТвените 18 играчи (18.3.1), имаат право да настапуваат за истиот клуб ако настапува во лига на млади категории, согласно пропишаната возраст.

## 18.4. ТРЕТА ЛИГА - МАЖИ И ЖЕНИ

18.4.1. **Осумнаесет (18) домашни играчи. Странски играчи немаат право на настап**.
18.4.2. Неограничен број играчи до 18 години возраст, регистрирани-лиценцирани за настап во млади категории, може да настапуваат и за сениорската екипа со лиценцата за млади категории.
18.4.3. Играчи кои се помлади од 18 години, а кои се наоѓаат меѓу пријавените 18 играчи (18.4.1), имаат право да настапуваат за истиот клуб ако настапува во лига на млади категории, согласно пропишаната возраст.

### ЧЛЕН 19

19.1. Доколку играчот или клубот не ги извршуваат обврските утврдени со договорот, можат да побараат раскинување на Договорот.
19.2. Образложено барање за раскинување на Договорот, на пропишан образец, се поднесува до Регистрациската комисија на МКФ преку канцеларијата на МКФ. Играчот е должен копија од барањето да достави до клубот од кого бара раскинување на Договорот и за тоа да достави доказ до Регистрациската Комисија на МКФ, заедно со барањето за раскин на Договорот.
19.3. Регистрацската комисија на МКФ е должна да донесе одлука во рок од седум (7) дена од денот на приемот на барањето за раскинување на договорот.
19.4. На одлуката на Регистрациската комисија на МКФ дозволена е жалба во рок од три (3) дена од денот на приемот на одлуката, преку Регистрациската комисија на МКФ до Арбитражата на МКФ.

## 5. ПРЕМИН ОД КЛУБ ВО КЛУБ

### ЧЛЕН 20

20.1. Играч може да премине од клуб во клуб за време на единствениот преоден рок, кој започнува на 15 Јуни и завршува 24 часа пред почетокот на вториот дел од сезоната. Пропишаниот рок до кој клубовите мораат да достават Пријавна Листа со играчи е 1 Септември, пред почетокот на натпреварувачката сезона.

### ЧЛЕН 21

21.1. Играч кој има договор, а не се наоѓа на список (Пријавна Листа) на клубот за наредната сезона доставена до 1 Септември, или клубот не се пријавил за натпреварување до 1 Септември, или клубот е исклучен од натпреварување, или клубот престанал да се натпреварува по било која основа, своето право на премин од клуб во клуб може да го оствари најдоцна до 24 часа пред почеток на натпреварите од првото коло на соодветната лига;
21.2. Играч со исписница или согласност за раскинување на договорот со клубот, може да оствари само еден (1) премин во друг клуб до 24 часа пред било кој натпревар до вториот преоден рок. Играч не може да настапува во едно коло за два клуба;
Клубот може да изврши регистрација на најмногу два (2) играча по оваа основа во текот на првиот дел на првенството. Ако клубот нема слободно место на пријавната листа за тековната сезона, мора да ослободи два играча со издавање исписница или согласност за раскинување на договорот;
21.3. За играчи странски државјани важат одредбите од член 30 на овој Правилник;
21.4. Крајот за рокот на трансфери е 24 часа пред почетокот на вториот дел од првенството, а неговиот датум, во согласност со Календарот за Натпреварување, го објавува Регистрациската Комисија на МКФ во Првиот Билтен на РКМКФ, кој треба да биде издаден најдоцна 7 дена по истекот на рокот за поднесување Пријавна Листа.

ЧЛЕН 22

Право на премин од клуб во клуб има:

22.1. Играч на кого му истекол договорот и не сака да потпише нов договор со дотогашниот клуб;
22.2. Играч кој спогодбено го раскинал договорот со дотогашниот клуб.
22.3. Играч со правосилна одлука на надлежен орган на МКФ за раскинат договор со дотогашниот клуб;
22.4. Играч кој не е на список на играчи на клубот за наредната сезона;
22.5. Играч чиј клуб не се пријавил за натпреварување, се откажал од натпреварување, е исклучен од натпреварување или се откажал од натпреварување по било која основа;
22.6. Играч до 18 години возраст, кој има пристапница со одреден клуб заверена на нотар, има право да потпише за друг клуб во земјата само со соодветно гарантирано обештетување:

- 12.000 денари, за секоја сезона што играчот ја одиграл во младинските лиги на МКФ;
- 6.000 денари, за секоја сезона што играчот ја одиграл во младинските лиги на МКФ, а притоа плаќал членарина во клубот за своето спортско усовршување;
- 24.000 денари, за секоја сезона која ја одиграл во младинските лиги на МКФ, а притоа има настапи за соодветната младинска репрезентација, од кои 75% одат на сметка на клубот, а 25% на сметка на МКФ.
- 12.000 денари, за секоја сезона која ја одиграл во младинските лиги на МКФ, а притоа има настапи за соодветната младинска репрезентација, но плаќал членарина во клубот за своето спортско усовршување, од кои 75% одат на сметка на клубот, а 25% на сметка на МКФ.
- Обештетувањето го уплаќа клубот каде играчот врши трансфер, или самиот играч преку својот родител/старател. Доказот за извршено плаќање во клубот е ос уредна законска документација за вршење на уплата на финансиски средства за членарина од страна на играчот, односно неговиот родител/старател.
- Доколку се работи за меѓународен трансфер, гореспоменатите износи се удвојуваат, односно се множат со коефициент 2 (два).
- Клубот на кој му следува гарантирано обештетување, може да се откаже од тоа право, со писмена изјава заверена на нотар и уредно доставена до канцеларијата на МКФ.

- 22.7 Образложено барање за добивање исписница, на пропишан образец, се поднесува до Регистрациската Комисија на МКФ, преку канцеларијата на МКФ. Играчот е должен копија од барањето за исписница да достави до клубот од кого бара исписница и за тоа да достави доказ до Регистрациската Комисија, заедно со барањето за исписница.

## 6. ФУЗИЈА НА КЛУБОВИ

ЧЛЕН 23

Фузија на клубови може да има правно дејство во системот на натпреварување на МКФ ако се изврши најдоцна до 24 часа пред почеток на соодветната лига на МКФ.

Фузија на клубови извршена по овој рок не може да има правно дејство во системот на натпреварување на МКФ до почеток на наредната сезона.

Еден од фузионираните клубови се натпреварува во соодветниот систем на натпревари на МКФ, согласно договорот за фузионирање. Останатите клубови учесници на фузијата може да се вклучат во системот на натпревари во наредната натпреварувачка сезона, во најнискиот степен на натпреварување на МКФ.

Во договорот за фузија, задолжително треба да стои одредба за начинот на евентуално раздружување, во која прецизно е објаснето која од екипите со каков натпреварувачки статус ќе продололжи по настанатото раздружување.

## 7. ИГРАЊЕ ВО СТРАНСТВО

### ЧЛЕН 24

Играчите стекнуваат право на играње во странство по добивање на согласност од клубот и издадена согласност - сертификат од страна на МКФ.

### ЧЛЕН 25

Барањето за издавање согласност за играње во странство се поднесува до Регистрациската комисија преку канцеларијата на МКФ, а комплетната документација треба да содржи:

25.1. Барање за играње во странство;
25.2. Барање од кошаркарската федерација каде припаѓа тој клуб, упатено до МКФ;
25.3. Согласност на клубот за играње во странство.

### ЧЛЕН 26

26.1. Меѓународен трансфер на играч до 18 години возраст не е дозволен, освен во специјален случај кога со писмена согласност на клубот, овластено лице на МКФ издава сертификат за играње во странство, врз основа на одредбите пропишани во актите на ФИБА и во овој Регистрациски правилник на МКФ.
26.2. За играчи постари од 18 години согласност - сертификат за играње во странство се издава од овластено лице на МКФ, врз основа на одредбите пропишани во актите на ФИБА и во овој Регистрациски правилник на МКФ.
26.3. МКФ издава согласност - сертификат под услов договорот што го има играчот за настап во странство да има клаузула играчот да игра и да се подготвува за потребите на репрезентацијата, а трошоците за неговото осигурување за време на подготовките и настапот на сите официјални натпревари на ФИБА ги поднесува неговиот клуб.

### ЧЛЕН 27

27.1. Одлука за играње во странство донесува Регистрациската комисија на МКФ во рок од седум (7) дена од денот на доставување на комплетната документација.
27.2. Жалба на одлуката на Регистрациската комисија на МКФ се поднесува до Арбитражата на МКФ, преку Регистрациската комисија на МКФ, во рок од три (3) дена.

## 8. ВРАЌАЊЕ НА ИГРАЧИ ОД СТРАНСТВО

### ЧЛЕН 28

28.1. Играч кој добил согласност-сертификат за играње во странство во тековната натпреварувачка сезона, може да се врати за настап во домашното првенство со комплетирана документација до 24 часа пред било кој натпревар до почеток на вториот дел на првенството.
28.1.1. Ако играчот не остварил ангажман за клуб во странство, може да се врати да игра во домашното првенство за клубот кој издал согласност за играње во странство;
28.1.2. Ако играчот остварил ангажман и одиграл најмалку четири (4) првенствени или КУП натпревари во странство, може да се врати да игра во домашното првенство во клуб со кој ќе потпише договор;
28.1.3. Ако играч добил согласност-сертификат за играње во странство во претходни сезони, може да се врати да игра во домашното првенство во клуб со кој ќе потпише договор.

## 9. ИГРАЊЕ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

### ЧЛЕН 29

**Играч кој нема Македонско Државјанство и нема право да настапува за македонските репрезентативни селекции ќе се смета дека е странски играч.**

### ЧЛЕН 30

30.1.На натпреварите за КУП на РМ секој клуб учесник има право на регистрирање и настап со странски играчи, согласно одредбите пропишани во овој правилник;
30.2. Клуб кој има право да регистрира странски играчи, пријавата за регистрација со комплетна документација мора да ја достави преку канцеларијата на МКФ до Регистрациската комисија на МКФ, најдоцна до 24 часа пред било кој натпревар до почеток на вториот дел на првенството.
30.3. Клубот може неограничено да врши замена на странски играчи.
30.4. Странски играч може да оствари еден (1) премин од клуб во клуб до крајот на првиот дел на првенството.
30.5. Клуб во Прва лига мажи има право на пријавување и настап со најмногу четири (4) странски играчи на еден натпревар.
30.6. Клуб во Прва лига жени има право на пријавување и настап со најмногу два (2) странски играчи на еден натпревар.
30.7. Клуб во Втора лига мажи има право на пријавување и настап со најмногу два (2) странски играчи на еден натпревар.
30.8. Странски играч до 18 години возраст кој има престој во РМ по основа на школување или привремена работа на родителите, може да биде регистриран како домашен играч и да настапува во соодветна млада категорија на натпреварување.

### ЧЛЕН 31

**31.1. Регистрација на странски играчи**
Кон барањето за регистрација на играчот, клубот е должен да достави и:
31.1.1. Потпишан Договор во четири примерока, заверен од Нотар;
31.1.2. Копија од пасош на играчот;
31.1.3. Две фотографии 3 X 2,5 см не постари од шест (6) месеци;
31.1.4. Уверение за извршен лекарски преглед на играчот во кој ќе биде вклучен СИДА-тест од овластена установа во Р.Македонија, не постаро од три (3) месеци;
31.1.5. Сертификат од Кошаркарската Федерација на државата каде последен пат настапувал.
** Со оваа регистрација играчот стекнува Регистрациски картон за клубот во бела боја во машка и во женска конкуренција.

**31.2. Постапка за регистрација на странски играчи**

31.2.1. Секој клуб кој има право да регистрира странски играч, должен е со пријавата да ја достави комплетната документација (освен 30.1.5.) најдоцна до 24 часа пред првенствен или КУП натпревар на екипата до почетокот на вториот дел на натпреварувачката сезона.
31.2.2. Заедно со оваа документација до канцеларијата на МКФ клубот доставува и барање за Сертификат од федерацијата каде играчот настапувал пред потпишување на договорот.
31.2.3. Постапката за обезбедување на сертификат се води на ниво на Федерации или преку ФИБА, согласно утврдени прописи и рокови.
31.2.4. Играчот добива право на настап веднаш по издавање на натпреварувачки картон во МКФ.

ЧЛЕН 32

32.1. Странски играч кој настапува за клуб во Република Македонија и во текот на сезоната ќе стекне Македонско државјанство, стекнува право на настап за својата екипа како домашен играч доколку биде регистран до почеток на вториот дел од првенството.
32.2. Доколку клубот има регистрирано максимален број на домашни играчи, тогаш клубот има право на своја штета да му го раскине договорот на еден играч од листата на веќе регистрираните играчи, на начин што е должен во целост да го обештети играчот согласно условите предвидени во договорот, а играчот се стекнува со својството на слободен играч.

ЧЛЕН 33

33.1. За секоја регистрација на странски играч клубот е должен да уплати во МКФ сума во износ кој одговара на сумата за која клубот или Федерацијата има задолжение од страна на ФИБА, согласно документ добиен од ФИБА.

## 9. НАСТАП НА ИГРАЧИТЕ

ЧЛЕН 34

На натпреварите од сите степени на натпреварување и на КУП - натпреварите, играчите може да настапуваат само ако поседуваат лиценца во соодветна боја, која ја издава Регистрациската комисија на МКФ.

ЧЛЕН 35

35.1. Играч до дваесет (20) години возраст, може да настапува во друг клуб кој се натпреварува во понизок ранг на натпрерварување со издавање двојна лиценца, врз основа на писмена согласност на клубот каде играчот е регистриран

35.2. Еден клуб може да има **најмногу три (3) играчи со двојна лиценца во една (1) натпреварувачка сезона.**

35.3. Двојна лиценца може да биде издадена најдоцна до 24 часа пред почеток на првиот дел или пред почеток на вториот дел на соодветната лига во тековната натпреварувачка сезона.

35.4. Играч со двојна лиценца не може да настапува за два клуба во иста фаза на натпреварување во иста натпреварувачка сезона.

35.5. Ако клуб кој дава играч и клуб кој прима играч на двојна лиценца, се натпреваруваат во меѓусебно бараж натпреварување или во втор дел од ист ранг, согласно утврден систем на натпреварување во тековната натпреварувачка сезона, двојната лиценца автоматски престанува да важи пред почеток на тоа натпреварување.

ЧЛЕН 36

Играч кој се наоѓа на отслужување на воен рок, може да настапува за својот клуб на првенствени и Куп натпревари.

ЧЛЕН 37

37.1. Играч може да настапува за друг клуб на пријателски или официјални меѓународни натпревари, но само со писмено одобрение од клубот за кој е регистриран во таа натпреварувачка сезона.
37.2. Во случај играчот да ја прекрши одредбата од став 1 на овој член, играчот и клубот за кој настапил, прават дисциплински прекршок.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### ЧЛЕН 38

За се што не е регулирано со овој правилник, деловниците на комисиите и други акти на МКФ, се применуваат Интерните прописи и регулации на ФИБА.

### ЧЛЕН 39

Сите обрасци пропишани со овој Правилник ќе се применуваат од денот на стапување во сила на овој Правилник.

### ЧЛЕН 40

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и по постапка како и за негово донесување.

### ЧЛЕН 41

Толкување на одредбите на овој Правилник дава Управниот одбор на МКФ.

### ЧЛЕН 42

Овој Правилник стапува во сила и ќе се применува од денот на донесувањето.

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува важноста на пречистениот текст со измени и дополненија на Регистрацискиот правилник донесен на 17.07.2009 година.

Скопје, Февруари 2010 година

Македонска Кошаркарска Федерација

П р е т с е д а т е л,

М-р Даниел Димевски

# Македонска Кошаркарска Федерација

Адреса:
Бул. "Кузман Јосифовски Питу" број 17
Поштенски Фах 318
1000 Скопје, Република Македонија

Телефон-факс: (02) 24-64-988
*contact@basketball.org.mk*

Генерален секретар: Дејан Лекиќ
Технички секретар: Соња Спасовска
Претседател на Регистрациска Комисија: Томе Димишковски
Комесар за натпреварување: Горан Трпушевски
Комесар за млади категории: Јован Крстевски

**www.basketball.org.mk**

Напомена:

**Овој Регистрациски правилник на МКФ е усогласен со Службените кошаркарски правила и со интерните прописи и регулации на ФИБА.**

**Регистрацискиот правилник на МКФ е донесен на основачкото собрание на МКФ во Јули 2009 година.**

**Овластен издавач на текстот на Регистрацискиот правилник на МКФ е Управниот одбор на МКФ.**

**Издавачот ги задржува сите права.**

**Не е дозволено ниту еден дел од оваа публикација понатаму да се репродуцира на било каков начин и во било која форма, без писмена согласност од издавачот.**